# Изгубениот свет на сефардските Евреи од западен Балкан

Во изложбениот салон на ЦК„ Марко Цепенков“ денеска (25.9.2018) беше отворена изложбата „Изгубениот свет на сефардските Евреи од западен Балкан„, што Центарот ја реализираше во соработка со Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија и Центропа.
На отворањето на изложбата зборуваа в.д. директорот на Центарот Менче Караџоска, претставниците од Музејот на холокаустот - Маја Суша и Даниела Штерјова од Центропа.
Беше посочено дека изложбата, чиј куратор е Едвард Серота, директор на Центропа, преку фотографии, текстови, пренесува пет еврејски приказни од Сплит, Дубровник, Белград, Битола и Сараево, а е дизајнирана во 2017 година.

{AG}evrei2018{/AG}
Отворањето беше збогатенот со настап на академските музичари Ана Митоска, Горан Дукоски и Христијан Ристески, кои исполнија сефардски композиции, како и со претставувањето на учениците Марија Стојческа и Михаил Јагуриноски.